**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1* 2210 Пробиштип
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk* *info@probistip.gov.mk*
***Одделение за урбанизам***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр. 10 – 701/3-__ од 02.09.2020 год.**
Пробиштип

**До** ____________________________________
____________________________________

ПРЕДМЕТ: **Известување-покана** за одржување на Јавна анкета и јавна презентација по Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 19, Урбан опфат 19.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип

Почитувани,

Врз основа на член 35 став (3) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ” бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и бр.168/18 год.), Ве известуваме дека

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА**

со стручно презентирање на

**Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 19, Урбан опфат 19.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Тех. број 06/2018 од април 2020, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје, ќе се одржи на ден **17.09.2020 год.** (четврток) со почеток во **12.00** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата - Пробиштип.

**ЈАВНА АНКЕТА по**

**Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 19, Урбан опфат 19.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Тех. број 06/2018 од април 2020, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје, ќе трае **10** (десет) **работни дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **14.09.2020 год.** до **25.09.2020 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на **анкетните листови**, кои можат да ги подигнат од Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, и од **web** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем **e-urbanizam.** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од Предлог - Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 19 Урбан опфат 19.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, ке биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, во информацискиот систем **e-urbanizam** и на **web** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, а подетални информации во врска со горенаведениот план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат.

Се`со цел навремено доставување на писмени забелешки, предлози или мислења преку анкетни листови и активно учество во јавната анкета и јавна презентација, Ве покануваме да присуствувате на истата. Доколку во овој временски рок не доставите анкетни ливчиња, ќе се смета дека немате никакви забелешки, предлози или мислења по горенаведениот предлог план.

Изготвил: Ј.Дукоска диа
Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=OPShTINA PROBIShTIP Probishtip:4022005104678, serialNumber=CRT3550993, cn=Jordanka Dukoska
Date: 2020.09.02 14:27:07 +02'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2020.09.03 08:09:16 +02'00'

**м.п.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Date: 2020.09.03 08:52:37 +02'00'